Бр. 08 - 1508/2
30.09.2019 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 22-та седница одржана на ден 17.09.2019 година донесе

***Одлука***

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот број 08-1508/1 од 15.03.2019 година, оформен по сопствена иницијатива, за утврдување на прекршување на одредбата од член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019).

Постапката против лицето Јован Ананиев, се запира поради застареност за поведување и водење на прекршочната постапка.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Предметот со број 08-1508/1 од 15.03.2019 година да се затвори и да се архивира.

*Образложение*

ДКСК на седницата одржана на ден 07.03.2019 година донесе заклучок да изврши увид за тоа дали поднеле анкетни листови за имотната состојба Ректорите и Деканите на сите државни универзитети во Република Северна Македонија.

ДКСК, со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, од Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип побара податоци и документација за сите актуелни декани на Универзитетот и тоа: актот за избор/именување, нивниот ЕМБГ и точната адреса на живеење.

ДКСК, од прибавените податоци и документација и од увидот во својата евиденција, констатира дека лицето Јован Ананиев, со одлука од 15.09.2015 година е избрано за декан на Правен факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип и во законски предвидениот рок не поднело анкетен лист .


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Имајќи во предвид дека прекршокот е сторен на 15.10.2015 година, а согласно член 41 став 1 од Законот за прекршоци: „Прекршочната постапка не може да се поведе ниту да се води ако поминат две години од денот кога е сторен прекршокот", ДКСК донесе одлука за запирање на постапката против лицето Јован Ананиев, поради застареност на поведување и водење на прекршочната постапка.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk